# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

**Службен гласник на Општина Кисела Вода**
**Излегува по потреба**
**Рок на рекламации 15 дена**
**www.kiselavoda.gov.mk**

**17 Декември 2024**
**Скопје**
**Број 15, година XIX**
**contact@kiselavoda.gov.mk**

**Скопје, Декември, 2024 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за третиот квартал од 2024 година –К1- квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година; -К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода; -К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за третиот квартал од 2024 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година; -К2 -квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3- квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, донесен на Четириесет и седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-11438/1
17.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1, алинеја 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 34, став 1, алинеја 21 и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), а во врска со член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 77/21, 150/21 и 173/22), расправајќи по Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за третиот квартал од 2024 година – К1 - квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година; К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и седмата пленарна седница одржана на 12 декември 2024 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за третиот квартал од 2024 година – К1 -квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година; К2 -квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода; К3 -квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

1. Со овој Заклучок се усвојуваат Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за третиот квартал од 2024 година – К1 -квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година; К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините.
2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за финансиски прашања.
3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-10993/2
12 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година, донесена на Четириесет и седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-11438/2
17.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија број 5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018, и Службен Весник на РСМ 244/19, 53/21, 77/21,150/21,173/22,170/24) Советот на Општина Кисела Вода на 47 седница, одржана на 12.12.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина КИСЕЛА ВОДА**

**за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина КИСЕЛА ВОДА за 2024 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | 90.000 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | -90.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Кисела Вода.

Бр. 09-10993/3
12.12.2024

Претседател на Советот на Општината
**СВЕТЛАНА КОЛАРИЌ**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење определени работи помеѓу Општина Кисела Вода и Општина Центар**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење определени работи помеѓу Општина Кисела Вода и Општина Центар, донесена на Четириесет и седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-11438/3
17.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1, член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), член 5, став 1, член 6 и член 9, став 2, алинеја 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09) ), и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и седмата пленарна седница одржана на 12 декември 2024 година, донесе:

## ОДЛУКА

## за меѓуопштинска соработка за вршење определени работи помеѓу Општина Кисела Вода и Општина Центар

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кисела Вода воспоставува меѓуопштинска соработка за вршење работи од областа на инспекциски надзор од страна на Општина Кисела Вода за работно место овластен градежен инспектор - 1 извршител, по договор меѓу двете општини на пола работно време (4 часа), за период од три месеци.
Сите поединости во врска со меѓуопштинската соработка ќе бидат дефинирани во Договорот за меѓуопштинска соработка.

### Член 2

Со цел остварување на меѓуопштинската соработка, средствата потребни за реализација на меѓуопштинската соработка, во висина и динамика ќе бидат утврдени во меѓусебно склучениот договор и истите ќе бидат предвидени во Буџетот на Општина Кисела Вода 2025 година и Буџетот на Општина Центар за 2025 година.

### Член 3

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Градоначалникот на Општина Центар ќе склучат договор во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-10993/4
12 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода“, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Заклучок за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје, донесен на Четириесет и седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-11438/4
17.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 01/2020), а расправајќи по Правилникот за систематизација на работните места во ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје, Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и седмата пленарна седница одржана на 12 декември 2024 година, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје**

1. Со овој Заклучок се дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје.
2. Заклучокот да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура, ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.
3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-10993/5
12 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Заклучок за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје, донесен на Четириесет и седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-11438/5
17.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 01/2020), а расправајќи по Правилникот за внатрешна организација на ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје, Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и седмата пленарна седница одржана на 12 декември 2024 година, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје**

1. Со овој Заклучок се дава согласност на Правилникот за внатрешна организација на ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје.
2. Заклучокот да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура, ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.
3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-10993/6
12 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Заклучок за усвојување на Извештај од спроведена функционална анализа во ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај од спроведена функционална анализа во ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје, донесен на Четириесет и седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-11438/6
17.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 01/2020), а расправајќи по Правилникот за систематизација на работните места во ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје, Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и седмата пленарна седница одржана на 12 декември 2024 година, донесе:

## ЗАКЛУЧОК

### за усвојување на Извештај од спроведена функционална анализа во ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје

1. Со овој Заклучок се усвојува Извештајот од спроведената функционална анализа во ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје.
2. Заклучокот да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура, ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.
3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-10993/7
12 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за верификација на членови на Локален младински совет на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за верификација на членови на Локален младински совет на Општина Кисела Вода, донесена на Четириесет и седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-11438/7
17.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/2002), а во врска со член 18 став 5 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл.Весник на РСМакедонија“ бр.10/2020), член 31 став 1 од Статутот на Општина Кисела Вода („Сл.гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и седмата пленарна седница одржана на 12 декември 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Советот на Општина Кисела вода донесува Одлука за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на Оштина Кисела Вода и тоа на:

-Петар Младеновски
-Софија Волчевска
-Димитар Николовски
-Петар Спасеновски
-Горјан Чурлинов

**Член 2**

Мандатот на членовите на Локален младински совет на Општина Кисела Вода трае 2 (две) години со право на уште еден избор.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-10993/8
12 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за формирање на Совет за женско претприемништво на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за формирање на Совет за женско претприемништво на Општина Кисела Вода, донесена на Четириесет и седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-11438/8
17.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 15 став 1 точка 3 од Законот за Град Скопје (Службен весник на РМ бр. 55/04) и член 34 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода, ("Службен гласник на општина Кисела Вода" бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и седмата пленарна седница одржана на 12 декември 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за формирање на Совет за женско претприемништво на општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира Совет на женско претприемништво на општина Кисела Вода, како советодавно тело, обезбедувајќи поддршка, менторство и можности за раст и развој на жени претприемачи во општина Кисела Вода.

**Член 2**

1) Советот на женско претприемништво на општина Кисела Вода се формира заради остварување на следните цели :

• Промовирање на женско претприемништво: Поттикнување на жени да започнат и управуваат со сопствени бизниси;

• Поддршка и менторство: Обезбедување на ресурси, обуки и менторство за нови и постоечки жени претприемачи;

• Мрежно поврзување: Создавање на мрежа за размена на искуства и идеи меѓу жени претприемачи.

2) Начинот на работа на Советот на женско претприемаштво ќе се уреди во Деловник за работа по што следува и донесување на Програмски акти за работа на Советот.

**Член 3**

Во Советот на женско претприемаштво на општина Кисела Вода членови може да бидат: советнички при Советот на општина Кисела Вода; жени претприемачи; невработени жени од општина Кисела Вода; жени од здруженија на граѓани – непрофитни организации и невладини организации.

Советот на женско претприемаштво на општина Кисела Вода е отворен за соработка и со други субјекти, кои по потреба ќе ги вклучува во својата работа при разгледување на одредени прашања и проблеми за кои е потребна дополнителна консултација и стручно советување/мислење од лица кои имаат знаење од пооделни области.

**Член 4**

Членовите на Советот учествуваат во работата на Советот за женско претприемаштво без надомест.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кисела Вода“.

Број 09-10993/9
12 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за измена и дополнување на Програма за поставување спомен обележја во Општина Кисела Вода за период 2020/2025**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополнување на Програма за поставување спомен обележја во Општина Кисела Вода за период 2020/2025, донесена на Четириесет и седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кисела Вода“.

Број 08-11438/9
17.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 и 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/20), член 7 од Законот за култура (Сл.Весник на РМ, бр.31/98), член 4 и член 17 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја (Сл. Весник на Р.М. бр. 66/04) , член 34 став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и седмата пленарна седница одржана на 12 декември 2024 година, донесе:

## ПРОГРАМА

### за измена и дополнување на Програма за поставување спомен обележја во Општина Кисела Вода за период 2020/2025

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата за поставување спомен обележје во Општина Кисела Вода за период 2020 – 2025 година на начин што се дополнува со алинеја 8: Поставување на спомен обележје на Круме Кепески, патрон на ООУ„Круме Кепески" . Круме Кепески (18.04.1909,Прилеп, 03.11.1988, Скопје) е истакнат македонист, граматичар, педагог, учебникар, методичар, преведувач, собирач на народни умотворби, деец во стандардизација на македонскиот литературен јазик и особено во развој на граматичкото дело. Автор е на првата „Македонска Граматика" (1946). Круме Кепески како аманет ја оставил Граматиката на македонскиот литературен јазик на сите наредни поколенија Македонци со порака да се негува нашето богато творештво.

Спомен - обележјето ќе биде изработено од цврст и траен материјал.

Локација: Во училиштето „Круме Кепески" кое се наоѓа на ул.Христо Татарчев бр.46, Општина Кисела Вода, Скопје.

**Член 2**

Во останатиот дел Програмата за поставување спомен обележја во Општина Кисела Вода за период 2020/2025 останува непроменета.

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-10993/10
12 декември 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за измени и дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти А1 - Домување во куќи бр.09-8616/12 од 30.09.2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти А1 - Домување во куќи бр.09-8616/12 од 30.09.2024 година, донесена на Четириесет и седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-11438/10
17.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 1/06, 12/15, 9/19, 14/19, 1/21 и 11/21), а во врска со член 59 став 12 од Законот за градење ("Службен весник РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 244/19, 18/20 и 279/20, 227/22), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и седмата пленарна седница одржана на 12 декември 2024 година, донесе:

## ОДЛУКА

### за измени и дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти А1 - Домување во куќи Бр.09-8616/12 од 30.09.2024 година

**Член 1**

Во содржината на членовите 1 и 2 од Одлуката, секаде после зборовите „брачни другари" се додаваат зборовите „или самохран родител".
Во останатиот дел членовите 1 и 2 од Одлуката остануваат непроменет.

**Член 2**

По членот 1 од Одлуката се додава нов член 2 кој гласи:

„Ослободувањето од член 1 на оваа одлука може се однесува за дел од вкупниот надоместокот за уредување на градежното земјиште во висина од 40% наменет за Општина Кисела Вода за објекти во рамки на ГУП на град Скопје и 100% за објекти надвор од ГУП на град Скопје. Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот."

**Член 3**

Членовите 2, 3 и 4 од Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти А1 - Домување во куќи Бр.09-8616/12 од 30.09.2024 година, стануваат членови 3, 4 и 5.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-10993/11
12 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари сопственост на Општина Кисела Вода на Министерството за финанси и Управата за имотно – правни работи**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари сопственост на Општина Кисела Вода на Министерството за финанси и Управата за имотно – правни работи, донесена на Четириесет и седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 12 декември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 08-11438/11
17.12.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 21 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, и Службен Весник на Република Северна Македонија Бр.101/19, 295/19 и 122/21) и член 34 став 1 точка 24 и 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Четириесет и седмата пленарна седница одржана на 12 декември 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање на трајно користење
на недвижни ствари сопственост
на Општина Кисела Вода на Министерството за финансии
Управата за имотно – правни работи**

**Член 1**

Со оваа одлука на Министерството за финансии - Управата за имотно-правни работи и се даваат на трајно користење, без надомест, дел од недвижни ствари – деловни простории, просториите бр. 1,2,3,4,6,7,8,11,18 и 19, сопственост на Општина Кисела Вода, кои се наоѓаат на ул.Петар Дељан бр.17 во Скопје, запишани во ИЛ бр.55929 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.1086 во КО Кисела Вода 1, број на зграда 2, во површина од 174,50 м2.

**Член 2**

По стапување во сила на оваа одлука, истата да се достави до Министерството за финансии - Управата за имотно-правни работи.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-10993/12
12 декември 2024 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Заклучок за исвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за третиот квартал од 2024 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година; -К2 -квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините;

2. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година;

3. Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење определени работи помеѓу Општина Кисела Вода и Општина Центар;

4. Заклучок за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈКП Кисела Вода-2022 Скопје;

5. Заклучок за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје;

6. Заклучок за усвојување на Извештај од спроведена функционална анализа во ЈКП Кисела Вода - 2022 Скопје;

7. Одлука за верификација на членови на Локален младински совет на Општина Кисела Вода;

8. Одлука за формирање на Совет за женско претприемништво на Општина Кисела Вода;

9. Програма за измена и дополнување на Програма за поставување спомен обележја во Општина Кисела Вода за период 2020/2025;

10. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти А1 - Домување во куќи бр.09-8616/12 од 30.09.2024 година;

11. Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари сопственост на Општина Кисела Вода на Министерството за финанси и Управата за имотно – правни работи;